E-COMMERCE
Macedonian Association

**АСОЦИЈАЦИЈА ЗА Е-ТРГОВИЈА НА МАКЕДОНИЈА - АЕТМ**
Лермонтова бр.3/6, 1000 Скопје
info@ecommerce.mk, www.ecommerce.mk

Управниот одбор на Асоцијација за е-трговија на Македонија АЕТМ Скопје, на седница одржана на ден 16.09.2019, ја донесе следната

**ОДЛУКА**

**ЗА РАБОТА НА АСОЦИЈАЦИЈАТА, РАБОТНИТЕ ТЕЛА НА АСОЦИЈАЦИЈАТА И НЕЈЗИНИТЕ ЧЛЕНОВИ ЗА ЗАШТИТА НА АНТИМОНОПОЛСКА ПРАКСА**

**Член 1**

Работните тела на Асоцијацијата, нејзините членови, вработени, подржувачи и било кое лица по било кој основ што соработува со Асоцијацијата е должно да постапува во целост согласно одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата (Сл. Весник на РСМ бр.145/2010, 136/11, 41/14, 53/16 и 83/18).

**Член 2**

Секое лице или член на Асоцијацијата при своето работење или дејствување во рамките на активностите на Аоцијацијата се обврзуваат да се воздржат од преземања на било какви дејствија, активности или однесувања кои се спротивни на одредбите од Законот за заштита на конкуренцијата (Сл. Весник на РСМ бр.145/2010, 136/11, 41/14, 53/16 и 83/18) и сите останати важечки правила и прописи кои го уредуваат конкурентското право во Република Северна Македонија.

**Член 3**

Конкурентите во рамките на своето работење се обврзуваат да се воздржат од било какво директно или индиректно дискутирање, комуницирање или разменување на било какви комерцијално чувствителни информации, вклучително и информации кои не се од јавен карактер, а се во врска со комерцијалната стратегија, цените, трошоците и приходите.

Податоците до кои ќе дојде на посреден или непосреден начин секое лице кое работи или соработува со Асоцијацијата, како и членовите на Аоцијацијата преку дејствувањето на Аоцијацијата се должни да ги чуваат како деловна тајна и согласно обврските предвидени во Законот за заштита на конкуренцијата.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување и ќе биде објавена на официјалната страна на Асоцијацијата.

Асоцијација за е-трговија на Македонија, АЕТМ Скопје
Виктор Стојкоски
Генерален Секретар

Асоцијација за е-трговија на Македонија АЕТМ Скопје